**Известување за концентрација со која Триглав здравје асистенца, друштво за здравствена дејност, д.о.о., Словенија стекнува контрола над ЕСКУЛАП друштво за здравствени услуги, д.о.о., Словенија (предмет бр. 08-9/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 09.01.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која Триглав здравје асистенца, друштво за здравствена дејност, д.о.о., со седиште на Дунајска цеста 22, 1000 Љубљана, Словенија ќе стекне контрола над ЕСКУЛАП друштво за здравствени услуги, д.о.о., со седиште на Ределонгхијева улица 12, 1000, Љубљана, Словенија, прку купопродажба на удели.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности**

**Триглав здравје асистенца, друштво за здравствена дејност, д.о.о**., е контролирано друштво од Триглав, здравствена заваровалница д.д., и со кое заедно со другите друштва ја сочинуваат Триглав Групата на друштва („Триглав Група“)

Заваровалница Триглав е крајно матично друштво на Триглав Групата. Групацијата Триглав е водечка осигурителна и финансиска групација во Словенија и во регионот Адриа и една од водечките Групи во Југоисточна Европа.

Групата работи на седум пазари и во шест земји. Понатаму, работи во поширокото меѓународно опкружување преку партнерства со странски осигурителни брокерски и агенциски компании, како и со реосигурувачи.

Главниот бизнис на Триглав здравје асистенца, друштво за здравствена дејност, д.о.о., е обезбедување на медицинска помош и останати медицински дејности.

Триглав Групата има три поврзани друштва во Република Северна Македонија:

1. Триглав Осигурување АД Скопје со ЕМБС 4691130 со адреса на бул. 8ми септември бр. 16 Скопје со приоритетна дејност – неживотно осигурување
2. Триглав Неживотно осигурување АД Скопје со ЕМБС 7233825 со адреса на бул. 8-ми септември бр. 18/2 кат, со приоритетна дејност – животно осигурување, и
3. Триглав Пензиско друштво АД Скопје со ЕМБС 7344228 со седиште на бул. 8-ми септември бр. 18/2 кат, со приоритетна дејност – дејности на управување со фондови

**ЕСКУЛАП друштво за здравствени услуги, д.о.о**.,врши услуги како педијатриска ординација врз основа на добиени концесии.

ЕСКУЛАП друштво за здравствени услуги, д.о.о.,нема регистрирани поврзани друштва, подружници или филијали на пазарот во Република Северна Македонија, ниту остварило било каков приход во 2022 на пазарот во Република Северна Македонија.

Подносителот на известувањето смета дека како релевантни пазари за предметната концентрација би можел да се дефинираат : пазар на медицински услуги и/или негови подподелби по различни специјалистички услуги или медицински одделенија и пазар на здравствено осигурување (несреќа и болест) или кој било потесен потенцијален пазар.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

11.01.2024 година
Скопје